# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 26.08. 2009 ГОДИНА БРОЈ 04 - 2009 ГОДИНА ДОЛНЕНИ | Жиро-ска 300020000212077 Д.Б.6021067000004 Тел: 048/453-210 |
|---|---|---|


**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука за прифаќање на проектот од интерес на ЕЛС-Долнени.**

**1. Се прогласува Одлука за прифаќање на проектот од интерес на ЕЛС-Долнени. бр. 07- 1177/1 донесена од советот на Општина Долнени на ден 26.08.2009 год.**

**2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-1199/1** **Градоначалник**

**02.09.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**

**Долнени.**

---

Врз основа на член 28 став 1 точка 44 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден ______.2009 год. ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За прифаќање на проект од интерес на ЕЛС-Долнени**

**член 1**

Советот на Општина Долнени со оваа Одлука го прифаќа проектот што се аплицира до **ОСЦЕ** од страна на локалнлна самоуправа - општина Долнени за хлонирање на водата за пиење преку „Студенчица".

**член 2**

Проектот кој е во интерес на ЕЛС-Долнени и во интерес на сите граѓани на територијата на општина Долнени, Советот го одобрува односно го прифаќа истиот.

**член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука за приоритетни локални патишта за изградба и реконструкција.**

**1. Се прогласува Одлука за приоритетни локални патишта за изградба и реконструкција. бр. 07- 1177/2 донесена од советот на Општина Долнени на ден 26.08.2009 год.**

**2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-1199/2** **Градоначалник**

**02.09.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**

**Долнени.**

---

Врз основа на член 28 став 1 точка 43 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени" бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 26.08.2009 год, ја донесе :

**О Д Л У К А**

**За приоритетни проекти за локални патишта на општина Долнени кои ќе бидат финансирани од средствата на Светска банка.**

**член 1**

За аплицирање во втора фаза за приоритетни проекти за изградба и реконструкција на локални патишта

финансирани од Светска банка за наиприоритетни локални патишта се: Црнилиште-Гостиражни-Стровија и реконструкција на локалниот пат Дебреште-Лажани.

**член 2**

За аплицирање во трета фаза за приоритетни проекти за изградба на локален пат финансирана од Светска Банка, ќе бидат тие локални патишта кои што ќе бидат наиприоритетни за ЕЛС-Долнени.

**член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзинот донесување , а ќе биде објавена во службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:**

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување Одлука за формирање Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија.**

**1. Се прогласува Одлука за формирање Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија. бр. 07- 1177/3 донесена од советот на Општина Долнени на ден 26.08.2009 год.**

**2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени**.

**Бр.08-1199/3** **Градоначалник**

**02.09.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**

**Долнени.**

---

Врз основа на член 28 од Статутот на Општина Долнени, ("Службен гласник на општина Долнени" бр.8/05), Советот на Општина Долнени на седницата одржана на ден 26.08.2009 год. јо донесе следната:

**ОДЛУКА**
**Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија.**

**Член 1**

Оваа Комисија е составена од пет члена и тоа:

1. Шерафедин Амедоски - претседател;
2. Јасмина Алексоска - член,
3. Зоран Којчиноски - член,
4. Зоран Илиески - член,
5. Муневера Хасановиќ - член.

**Член 2**

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија, ги разгледува прашањата од одбележувањето на празниците кои се на територијата од општината и сите други манифестации кои се одржуваат на подрачјето од општината. Одлучува за доделување на награди и признанија за правни и физички лица од општината.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:**

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување Одлука за формирање Комисија за контрола на финансиско-материјално работење на општина Долнени.**

**1. Се прогласува Одлука за формирање Комисија за контрола на финансиско-материјално работење на општина Долнени. бр. 07- 1177/4 донесена од советот на Општина Долнени на ден 26.08.2009 год.**

**2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-1199/4** **Градоначалник**

**02.09.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**

**Долнени.**

---

Врз основа на член 28 од Статутот на Општина Долнени, ("Службен гласник на

општина Долнени” бр.8/05), Советот на Општина Долнени на седницата одржана на ден 26.08.2009 год. јо донесе следната:

**ОДЛУКА**

Комисија за контрола на финансиско-материјално работње на општина Долнени.

**Член 1**

Комисијата за контрола на финансиско-материјалното работење на Општина Долнени брои пет члена и тоа:

1. Ремзија Хасановиќ - претседател;
2. Ерол Абдиу - член,
3. Пеце Вајгалески - член,
4. Невзат Имероски - член,
5. Хусеин Хасановиќ - член.

**Член 2**

Комисијата ќе ги извршува законските прописи кои ќе и бидат доверени од страна на Советот и ќе ги спроведува.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени (“Службен гласник на општина Долнени”бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука за формирање Комисија за општествени дејности.**

**1. Се прогласува Одлука за формирање Комисија за општествени дејности. бр. 07-1177/5 донесена од советот на Општина Долнени на ден 26.08.2009 год.**

**2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-1199/5** **Градоначалник**

**02.09.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**

**Долнени.**

---

Врз основа на член 28 од Статутот на Општина Долнени, (“Службен гласник на општина Долнени” бр.8/05), Советот на Општина Долнени на седницата одржана на ден 26.08.2009 год. јо донесе следната:

**ОДЛУКА**

**Комисија за општествени дејности.**

**Член 1**

Ова Комисија брои пет члена и тоа:

1. Али Алиоски - претседател;
2. Мите Змејкоски - член,
3. Муневера Хасановиќ - член,
4. Ахмедин Рамовиќ - член,
5. Димче Наумоски - член.

**Член 2**

Комисијата за општествени дејности ги разгледува прашањата од надлежност на општината а кои се однесуваат на културата,спортот и рекреацијата,социјалната заштита и заштитата на децата,образованието,здравствената заштита,јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот како и против пожарната заштита.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени (“Службен гласник на општина Долнени”бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Измени и дополнување на Одлуката бр 07-986/4 од 16.07.2009 фод. За делегирање на член во Управниот одбор при Здраствен Дом - Крушево**.

**1. Се прогласува Одлука за формирање Комисија за општествени дејности. бр. 07-1177/6 донесена од советот на Општина Долнени на ден 26.08.2009 год.**

**2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени**.

**Бр.08-1199/6** **Градоначалник**

**02.09.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**

**Долнени.**

---

Врз основа на член 28 став 1 точка 38 од Статутот на ОпштинаДолнени, ("Службен гласник на општина Долнени" бр.08/05), Советот на Општина Долнени на седницата одржана на ден 26.08.2009 год. ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**Измени и дополнување на Одлуката бр 07-986/4 од 16.07.2009 фод. За делегирање на член во Управниот одбор при Здраствен Дом - Крушево**

**Член 1**

За делегат во Управниот одбор на Здраствен Дом - Крушево, од Советот на општина Долнени, на седницата одржана на ден 16.07.2009 год беше избран советникот Ерол Абдиу, бидејќи лично од страна на истиот се побара оставка од тои управен одбор прет сите присутни советници, и на самата седница односно на седницата одржана на ден 26.08.2009 год, вместо него се предложи за делегате во Здраствен дом- Крушево лицето **Севдет Адеми** од н.м Црнилиште.

**Член 2**

Именованиот ќе учествува на состаноците од Управниот одбор при Здраствен дом - Крушево, кој ќе ги застапува интересите на општина Долнени во областа на примарната здравствена заштита.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на незиното донесување, а ќе биде објавена во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување Одлука за измени и дополнување на Статутот на општина Долнени.**

**1. Се прогласува Одлука за измени и дополнување на Статутот на општина Долнени. бр. 07- 1177/7 донесена од советот на Општина Долнени на ден 26.08.2009 год.**

**2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-1199/7** **Градоначалник**

**02.09.2009 год.** **Абдула Бајрамоски с.р**

**Долнени.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Рм„бр. 05/02), а согласно член 28 став 1 точка 1 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени„бр. 08/05), Советот на Општина Долнени на седницата одржана на ден 26.08.2009 год, донесе:

**Измени и дополнување на Статутот на општина Долнени**

**член 1**

Во член 40 став 1 се додаваат следните Комисии:

- **Комисија за полова и расна еднаквост.**
- **Комисија за односи меѓу заедниците.**

**член 2**

Измените и дополнувањето влегуваат во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Главен и одговерен уредник: Абдула Бајрамоски.**
**Изготвил: Исмет Ќамили.**

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Заклучок за прогласување Одлука за прифаќање на проект од интерес на ЕЛС-Долнени.
2. Одлука за прифаќање на проект од интерес на ЕЛС-Долнени.
3. Заклучок за прогласување Одлука за приоритетни локални патишта за изградба и реконструкција.финансирани од Светска Банка.
4. Одлука за приоритетни локални патишта за изградба и реконструкција.финансирани од Светска Банка.
5. Заклучок за прогласување Одлука за формирање на комисија за одбележување на манифестации и доделување на награди и признанија.
6. Одлука за формирање на комисија за одбележување на манифестации и доделување на награди и признанија.
7. Заклучок за прогласување Одлука за формирање на комисија за контрола на финансиско-материјално работење на општина Долнени..
8. Одлука за формирање на комисија за контрола на финансиско-материјално работење на општина Долнени..
9. Заклучок за прогласување Одлука за формирање на комисија за општествени дејности.
10. Одлука за формирање на комисија за општествени дејности.
11. Заклучок за прогласување Одлука за измени и дополнување на Одлуката бр.07-986/4 од 16.07.2009 за дел;егирање на член во управниот одбор при здраствен дом-Крушево.
12. Одлука за измени и дополнување на Одлуката бр.07-986/4 од 16.07.2009 за дел;егирање на член во управниот одбор при здраствен дом-Крушево
13. Заклучок за прогласување Одлука за измени и дополнување на Стаутот на општина Долнени.
14. Одлука за измени и дополнување на Стаутот на општина Долнени.

**Печати Општина Долнени - Тираж 25 примероци.**
**Издава на служба на Општина Долнени.**